# ФОКУС

4

цена 0,50 дин.



# ¡Che





Esta imagen del Che, aguerrido y guerrillero, le dio la vuelta al mundo a raíz del espectacular triunfo de la insu

СЕКОЈ ЧОВЕК МОЖЕ ДА БИДЕ РЕВОЛУЦИОНЕР. НО СЕКОЈ ЧОВЕК НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ДОБАР РЕВОЛУЦИОНЕР. БИДЕЈЌИ ЗНАЕМЕ КОЈ РЕВОЛУЦИОНЕР Е ДОБАР, НИ ОСТАНУВА ДА ВИДИМЕ КОЈ НЕ Е ДОБАР. ЗНАЧИ, НЕ Е ДОБАР ОНОЈ РЕВОЛУЦИОНЕР:

— кој кога бара доверба од народот гледа горе а не долу.
— кој има противкандидати кои нема да бидат избрани.
— кој зборот реформа го употребува поради форма.
— кој кога почнува да ги реди проблемите и грешките, заборава да го спомне и своето име, а што е полошо и имињата на некои свои пријатели.
— кој сака секогаш да седи во првиот ред.
— без чие присуство не може да се замисли ниту една свеченост.
— кој секогаш и секаде по службена должност присуствува на прием, банкет, ручек, академија, премиера, а заборава на својата единствена и најважна СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ.
— кој често зборува за ротацијата и затоа продолжува да нé врти.
— кој на некои проблеми гледа од чисто фамилијарен аспект.
— кој многу се залага и токму затоа нé залажува.
— кој секогаш зазема и знае да заземе одреден став.
— кој го цитира Маркс а не го познава во суштина.
— на кого тешко му оди читањето на сопствениот реферат и говор.
— кој својата продуктивност ја мери по бројот на донесените одлуки, закони, потпишани акти, снимања за телевизијата, разговори по весниците и покани за одредени прослави.
— кој ќе купи кола за 1 600 000 стари динари, а ќе ја продаде за 5 200 000.
— чија биографија ќе се објави најмалку пет пати во ист весник за релативно кратко време.
— кој ретко купува чевли бидејќи се вози само во автомобил.
— кој на младината гледа како на општествен проблем.
— кој студентите ги смета за безоблична маса чие основно задолжение е да студира.
— кој со својата група се бори против групирањето и останатите групи.
— чиј збор се смета за амин.
— кој на некого зборот го смета за амин.
— зад кого стои одреден форум или организација.
— кој секој свој противник го смета за противник на социјализмот и самоуправувањето.
— кој се смета за непогрешив.
— кој сака прво да е избран за нешто, а потоа да му помага на општеството. (наместо обратно)
— кој ги застапува интересите на некој друг револуционер.
— на кого друг револуционер му ги застапува интересите.
— кој се бори за подмладување на кадрите (ама само на женските).
— кој ги користи средствата за масовна информација во свои цели.
— кој изјавува едно а го прави спротивното.
— кој поради презафатеност не може да оди и да види како живее и работи работниот човек.
— на чија работа има поплаки и жалби.
— на чија работа не смее да има поплаки и жалби.
— кој често прима делегации а нема време да го прими работниот човек.
— кој за реакција ги смета сите оние што ги изнесуваат неговите грешки.
— кој телефонот го употребува за политички цели.
— кој само слуша.
— кој воопшто не слуша.
— кој знае кого треба да слуша а кого не треба.
— кој води сметка и грижа за луѓето нему блиски.
— кој се залага за ротација и затоа повторно е избран.
— кој со другиот нему сличен револуционер разменува ставови во смисла: јас тебе, ти мене.
— кој смета дека основната должност му е да биде предлаган и избиран.
— кој личните желби ги смета за општествени.
— кој дозволува мито и корупција.
— над кого може да се употреби барем еден од горенаведените поими.
— кој постојано седи во ладовина бидејќи е лесно расиплив.
— кој бара да важат општествените норми на кои не се придржува.
— кој верува во статистички податоци. (3 000 н. дин. плус 600 н. дин.; просек 1 800 н. дин. Се мисли на платата.)
— кој мисли дека доволно сторил за работниот човек со тоа што го спомнал во својот говор.
— кој јаде за двајца а не работи ниту за еден.
— кој живее од состанок до состанок.
— кој најчесто размислува за личната егзистенција и благосостојба.
— кој својот начин на однесување кон луѓето го менува во зависност од луѓето.
— кој добро игра како што му свират и покрај тоа што нема завршено балетско училиште.
— кој свири за другите да играат и покрај тоа што не завршил музичко училиште.
— кој својот слух го користи за да ја ослушне ситуацијата.
— кој својот вид го користи само за да се види во замислената величина.
— кој својот јазик го користи зависно од околностите и не секогаш за исти цели.
— кој својот мирис го користи за да ги намириса работите.
— кој со својот личен пример докажува дека трудот не го створил човекот.
— кој кога критикува најмногу го употребува третото лице, и еднина и множина.
— кој кога пофалува најмногу го употребува првото лице, само еднина.
— кој мисли дека борбата е завршена.
— кој чита весници само за да го прочита своето име.
— кој гледа телевизија само за да се види како изгледа.
— кој мисли дека облеката го прави човекот па затоа сака да биде најдобар.
— кој очите на јавноста ги вперува онаму каде што тој сака со цел да и ги замачка.
— кој постојано оди на фудбалски утакмици и седи во почесната ложа.
— кој својот динар го брои во милиони.
— кој вика дека нашите производи се најдобри, а купува странски.
— кој мисли дека социјализмот треба да е онаков каков што тој го замислил.
— кој на младинските работни акции гледа од чисто економски аспект.
— кој вели дека младинските работни акции се нерентабилни.
— кој мисли дека младите се аполитични.
— кој смета дека успеал во животот па неограничено ги користи благодетите од тој успех.
— кој размислува со новчаник а не со главата.
— кој купува автомобил од луксуз а не од потреба.
— кој секаде сака да ги вмеша прстите, ама во нараквици.
— кој кога мисли, мисли со туѓ мозок.
— кој борејќи се против личните непријатели не се бори против непријателите на општеството.
— кој денес мисли вака а утре онака.
— кој воопшто не мисли ниту вака ниту онака.
— кој тагува затоа што не се вика Демос па не може да владее.
— кој е ограничен од внатре.
— кој е ограничен од надвор.
— кој со години преоѓа од зборови на дела па никако да успее.
— кој дозволува да се прават работи кои никој паметен не би ги дозволил.
— кој не дозволува да се прават работи кои сите паметни би ги дозволиле.

констатациите ги средил и имал храброст да ги објави александар димитров
— кој не може да ја замисли историјата без своето име.
— кој зборот и дејствието РЕВОЛУЦИЈА го смета за завршено и минато.

# БЕСЕДА ЧЕТВРТА

За должностите

Да одземеш некому нешто и на штета на друг да се зголеми својата удобност, повеќе е противно на природата отколку смртта, отколку сиромаштвото, отколку болката, отколку останатите зла кои можат да му се случат било на телото било на животните услови. Со тоа, пред сè се разорува човечката заедница и се раскинуваат нејзините врски. Бидејќи ако така бидеме настроени секој поради своја корист другиот го пљачка и злоставува, нужно ќе мора да се распадне и самата човечка заедница која е најверќе согласна со природата. И како што човековото тело нужно би ослабило и би пропаднало кога секој дел од телото би имал способност да почне да мисли дека ќе има повеќе снага ако ја привлече кон себе снагата на соседниот дел, така исто, ако секој од нас го граби доброто од другиот и одзема сè што може од друг поради своја корист, нужно доаѓа до разорување на човековото општество и на неговите врски. Дека секој повеќе сака животните средства да ги набавува за себе отколку за другите, тоа е, нормално, допуштено и природата на тоа не се спротивставува, само природата не допушта со одземање од другите да го зголемуваме својот имот, богатство, моќ. И не само што тоа е противно на природата, односно на обичајното право туку на ист начин е утврдено и со народните закони на кои во поедини држави се заснивaат јавните односи, дека поради своја удобност не смее на друг зло да му се чини. Всушност на тоа се однесуваат и законите. Тие изрично бараат заедницата на граѓаните да биде неповредена; додека оние кои ја раскинуваат се казнуваат со смрт, изгнанство, синџири, глоба. А тоа истото, во уште поголема мера, го бара и самиот разум на природата, во исто време човеков и божествен закон; и оној кој не сака да му се покорува — а сите мораат да му се покоруваат, сите кои сакаат да живеат согласно со природата — никогаш не смее да допушти туѓо да посака и она што од друг го одзел за себе да го присвои. Затоа има многу повеќе согласност меѓу природата и возвишеноста на духот и племенитоста, како и добрината, праведноста, чинењето добро, отколку чулните уживања, отколку богатството, отколку самиот живот; и сите тие задоволства треба да се презрат и за ништовни да се сметаат, кога ќе се споредат со заедничкото добро, навистина тоа е особина на луѓето со велик и воздишен дух. Додека е, напротив, одземањето од друг поради својата удобност повеќе против природата отколку смртта, отколку болката, отколку останатите зла од сличен род. Исто така, повеќе е во склад со природата да примаш на себе најголеми напори и грижи, во колку тоа е можно, поради одржување и помагање на сите народи, угледувајќи се на оној Херкул, кого потомството, според преданието, од благодарност за сторените добра го постави во советот на боговите, отколку да живееш во самотија, не само без било какви грижи, туку и во најголеми задоволства да обилуваш со сите средства, и заедно со тоа да бидеш прв, во убавина и здравје. Затоа, секој што е со племенит и возвишен дух далеку повеќе го претпоставува оној живот од овој живот. Од тоа произлегува дека човекот кој ѝ се покорува на природата неможе човеку зло да чини.

Понатака, кој на друг зло му нанесува, заради тоа за себе некоја корист да постигне, тој или замислува дека ништо против природата не чини, или смета дека повеќе треба да се избегнува смртта, сиромаштвото, болката, и губењето на



децата, роднините, пријателите отколку некому неправда да се чини. Ако таквиот смета дека ништо не прави против природата кога на луѓето зло им нанесува, тогаш нема смисла да се расправа со оној кој во човекот човек уништува? А мисли ли сепак дека тоа треба да се избегнува, но дека многу поголеми зла се смртта, сиромаштвото, болката, тогаш се лаже во тоа што верува дека и една телесна или животна повреда е потешка од душевните повреди.

ЦИЦЕРОН „за должностите“
книга трета, глава V.



# ДАЛИ СТЕ ЧУЛЕ ЗА МАРКС

**Што мислат, колку знаат и каков поглед на животот имаат учениците на 79 средни училишта во Белград.**

Личноста на младиот човек, особено во неговата рана младост, кога тукушто се приближува кон зрелоста, била од секогаш привлечна тајна за науката. Многу генерации барале вистински одговор за низа прашања кои ги доведувале до недоумица: Што мислат младите за животот, како гледаат на иднината, што очекуваат од времето и светот во кој живеат, дали се несреќни, колку знаат, дали се спремни за искушенијата кои ги чекаат.

Продолжувајќи ја својата поранешна традиција на повремени „Средби со младите", НИН овој пат ќе ги објави резултатите од испитувањето на знаењата од областа на општествените науки и ставовите на белградските ученици кон актуелните друштвени проблеми. Испитувањата ги изврши Просветно — Педагошкиот завод на Белград во завршните одделенија на 79 средни училишта.

Целта на овие испитувања била, во основни црти да се сними состојбата во изучувањата на општествените науки, да се утврди во која мера училиштето допринесува за формирање материјалистичко-дијалектички погледи на светот кај младите. Како корелатив на ова испитување, користена е анкета во која учениците ги изнесуваат своите ставови.

Испитувачите појдоа со цел да утврдат кои знаења, во општи црти, ученикот треба да ги понесе од средните школи за да може во сложените општествени услови, реално и критички да ги проценува односите, настаните и разните општествени процеси. Затоа тестот преку кој е испитувано нивото на овие знаења, опфатил фундаментални појими од филозофијата на марксизмот и ленинизмот, економијата, правото, книжевноста, социологијата, историјата и други општествени науки.

Испитани се 2.234 ученика, значи доволно репрезентативен број, за да се дојде до веродостојни резултати.

## ШТО ЗНААТ УЧЕНИЦИТЕ

Од 79 испитани училишта, само 28 го постигнале резултатот над 50%.

Во првата група прашања, од учениците се барало да одговорат: Зошто Маркс и Енгелс се сметаат за основачи на научниот социјализам, кое марксово учење имало најголемо влијание за јакнењето на револуционерното работничко движење, кој е марксовиот критериум на вистината, за кои теориски извори на марксизмот пишува Ленин, какво е производството, а какво присвојувањето во капитализмот итн. Беше значајно на примери да се провери, дали учениците можат да ја уочат разликата помеѓу идеалистичките и материјалистичките ставови, како и да се утврди во колкава мерка ја познаваат класичната марксистичка литература. Интересно е, на пример, дека 10% ученици на економските училишта не знаат кој го напишал „Капитал", дека, скоро ни еден ученик на Учителската школа за воспитувачи и Библиотекарската школа, не знаат кој ја напишал „Дијалектиката на природата", дека само 27% ученици на гимназиите знаат кој е авторот на „Држава и револуција".

Во втората група прашања, која содржи 92 поими, и кои се нешто поблиски до сознанијата на учениците ,исто така нема особено задоволувачки резултати. Освен учениците на гимназиите, мал број други знаат — „Во што првенствено се огледа социјалистичкиот карактер на НОБ", иако бил понуден прилично дискриминативен одговор — „Во развластувањето на буржоаската класа и создавањето нова власт".

Одговорите на оние прашања кој го одразуваат секојдневното интересирање на нашата јавност, како што се проблемите од економска природа, меѓунационалните односи итн. и за кои учениците не црпат знаења само во училиште, покажуваат дека целата популација е прилично компактна. Додека кај прашањата од теориски карактер, односот во знаењето помеѓу учениците на гимназиите и училиштата за квалификувани работници, поголем од размерот 2:1, дотогаш кај вторите е само 1,3:1.

Меѓутоа, гледано во целина, кога е збор за сложени теориски и практични заклучоци, учениците потфрлиле. Тоа важи за прашањата: „До што треба да доведе ослободувањето на трудот", потоа, „како се ослободува трудот во системот на општественото самоуправување" итн. Во оваа група беше потребно да се дадат одговори на прашања врзани за изградбата на социјалистичките општествени односи кај нас, како што се: Кој е основен облик на поопштествување во социјализмот; кога кај нас е направен одлучувачки чекор во процесот на одумирање на државата; кој е основен носител на социјалистичката изградба во нашата земја; кој е најзначајно право загарантирано со новиот Устав; што е бирократизам; кој треба да носи најголема идејно-политичка одговорност за доследно спроведување на стопанската и општествената реформа; која е најбитна карактеристика на реорганизацијата на Сојузот на комунистите.

## ПРОГРАМИТЕ НЕ СМЕАТ ДА БИДАТ ДОЛГИ

Испитувањето отвори цела низа дилеми, кои се до толку по актуелни, што во последно време сé почесто се разговара за средните училишта, нивното место и перспектива. Очигледно е дека мора да се преиспита концепцијата на наставните планови и програми. До овој час, многу малку е сторено училиштата за квалификувани работници да се изедначат по положбата со другите средни училишта.

Од друга страна, и во другите училишта не е реализирана до крај идејата за нивната хуманитарна мисија. На нашето општество му се потребни разновидни стручњаци, но не прагматисти и не позитивисти, туку комплетни личности со јасни идејни ставови и морална орјентација.

Во исто време мора да се разбере дека програмите и плановите по кои работат училиштата не се догма и дека објективно во нив и не може да биде опфатено сé она што во логична смисла содржи зборот-современост. Креативниот однос на наставникот кој постојано работи на сопствената доизградба е предуслов новите содржини констатно да доаѓаат до учениците и да ја богатат нивната свест.

На крај, треба да се има во предвид фактот, дека и општеството до сега се однесуваше кон оваа состојба во свеста на младите, прилично и индиферентно. Доколку имало интересирање, тоа било со декларативен карактер, ретко творечко, во кое училиштата и општествената заедница со заеднички напори би ги надминале рамките и недостатоците на досегашната концепција на училиштата. Тој однос мора во иднина да добие нови димензии.

(НИН, мај 1969 г.)

# 7 милијарди за »скопската култура«

Постојат две основни насоки на „Фондот за финансирање на работни организации од областа на културата и за помагање и унапредување на културните дејности на град Скопје“, за употреба на средствата на Фондот за 1969 година:

Финансирање на работите што со средствата на Фондот се започнати да се изведуваат во поранешните години и треба да се завршат до 1970 година.

Финансирање на работите кои претстојат и тоа: Конзервирање и реставрација на културно-историски споменици, обнова и изградба на објекти и припремни работи за објектите чие отпочнување се предвидува во 1970 година.

Овие насоки за инвестирање и за редовната дејност на фондот се остваруваат врз основа на Критериумот за финансирање на културните дејности во градот. Во член 3 доследно се вели:

Средствата на Фондот ќе се користат за овие намени:

— За изградба и одржување на објекти од областа на културата во градот;

— За финансирање на редовните дејности на работните организации од областа на културата чиј основач е градот;

— За помагање и унапредување на културните дејности во градот.

Со Критериумот се предвидуваат стимулативни мерки и премии за сите организации од областа на културата кои ќе ја унапредуваат својата дејност. Може да се види дека оние сценско-уметнички установи, за секој остварен динар од продадени влезни билети за претстави одржани во Скопје, преку бројот на претставите утврдени во Програмата на тие установи, од Фондот ќе добијат од 1 до 3 нови динари. Премиите изнесуваат од 2.000,00 н. дин. до 5.000,00 н. дин.

Фондот ги финансира Градските библиотеки и предвидува стимулативни мерки за унапредување на оваа дејност;

Фондот ги финансира музеите лоцирани во Скопје;

Фондот ги финансира домовите на културата;

Фондот откупува уметнички дела т.е., се јавува како мецена, помагајќи ги уметничкото творештво;

итн.

За секој инвестиран динар, Фондот бара информации за намената на тие средства и за нивното остварување. Доколку Фондот забележи дека тие средства не се употребуваат наменски, тој го стопира понатамошно инвестирање.

## ИНВЕСТИЦИИ

Да ја прелистаме и листата на корисниците на инвестициите на Фондот. Тоа е прилично импозантен список.

Фондот ја финансира адаптацијата и опремувањето на библиотеките на територијата на општина „Идадија“ со 5.830,00 н. дин.!

За забавен парк се предвидени 1.000.000,00 н. дин. Во „Кисела Вода“ ќе се финансираат 660.00 н. дин. за изградба на библиотека.

Ќе се гради културен дом во Маџари и културен дом „Скопје — север“, за што се предвидени 2.200,000,00 н. дин.

За заштита на културно-историските споменици во Скопје се предвидени 5.581.440,00 н. дин. Овие средства се наменети за Чифте амамот, манастирот Свети Илија, тврдината Кале, Куршумлиан, манастирот Свети Пантелејмон, Аквадукт и др.

За музејот на град Скопје се предвидени 5000,00 н. дин. Предвидени се и средства за Историскиот архив, за Зоолошката градина, Драмскиот театар, Театарот на народностите, музејот на современа уметност и др. Особено не радува фактот што за Етнолошкиот музеј се инвестира 3.000.000,00 н. дин. Станувавме апатични пред фактот етнолошките музеи да имаат на располагање само по неколку мали и неподобни простории. Велиме, етнолошките музеи, затоа што имавме можност да дознаеме преку ТВ за незавидната положба и на Белградскиот Етнолошки музеј.

## МЛАДИНСКИ ДОМ ВО 1970 ГОДИНИ

За нас младите зрак на надеж се инвестициите со кои Фондот учествува во изградбата на Младински дом, кој, се надеваме ќе биде изграден до крајот на идната година. Инаку, за Младински дом е предвидена сума од околу милијарда ипол стари динари. Можеби ќе беше по корисно со тие средства да се изградат два-три помали младински дома но, и на ова што се предвидува искрено му се радуваме и го очекуваме со нескриена радост, зашто сегашната состојба е речиси ненормална и загрижувачка.

## ВТОР КАНАЛ НА ТВ СКОПЈЕ

За ТВ Скопје (втор канал) се предвидуваат 2.000.000,00 н. дин. Да не е тоа можеби мегаломански зафат во сегашни услови? ТВ Скопје сѐ уште здраво и не застанало на нозе, а веќе се подготвени средства за II телевизиски канал. Сметаме дека е далеку порационално единствениот канал да се исполни со квалитет, за што по наше мислење се потребни уште најмалку 2-3 години упорна работа, а дури потоа да се планира II канал. Има една опасност што ја нарекуваме „Гуливерова состојба“. Големите желби не врзуваат со помали и поголеми обврски, за кои сѐуште не им сме дораснати. Во сегашните услови, II-от канал е само еден убав сон.

Фондот за инвестиции во 1969 година, предвидел вкупно 47.836.580,00 н. дин.

За финансирање на редовни дејности во кои спаѓаат: помагање на уметнички творци и откупување на нивни дела Фондот оделува средства кои ги користат општините. Меѓутоа, со конституирањето на Градското собрание тие средства најверојатно ќе ги користи Собранието за помагање и финансирање на текуштите културни дејности.

# Другари, збогум другари!

Многу сакам, викаат. Не може повеќе така, беше па помина, и да не бидам здодевен — така да знам. Можам јас да барам, па ништо. Ветер и магла. И ако ми е криво, нека ми е криво, исто ми се фаќа.

А сакам! Сакам, па тоа ти е.

Сакам да се сликам пак во дворот, со наше одделение. Јас да стојам на клупата, одзади првиот ред со учителката. Ако треба бела кошула, ништо, ќе се иштирка за пет минути, само ако треба, кажете? А?

Ама многу сакам, викаат.

Тогаш дајте, пуштете ме на екскурзија со фармерки и пластична мрежа. Ќе праќам, ако треба и по три разгледници од нашето плаво море — на ден.

Ќе јадам и по пакет сардини, ќе бидам свирач на гитара, ќе бидам сѐ што треба. Дајте, пуштите ме!

Не и не. Да разберам од збор кога ќе ми се каже.

Добро тогаш, дајте ми нешто помало. Еве пуштете ме да носам цвеќе на крајот од годината. Еден ден само. Што е тоа? А? Ништо! Сѐ мое, плус тоа и цвеќето и саксијата и целофанот.

Пак изгледа многу сум сакал?

Не ме пуштаат ни во хорот да пеам. А како едно време можеше? А?

Тогаш добро, крескај колку што сакаш а сега нема ништо од таа работа. Па не барам многу, бре мајката!

Неможе и готово.

И да се степам пред таблата не ми даваат! Добро! Добро, ако е така.

Што имам јас сега, ајде кажете. До скоро — и така и така. Еднаш класен, четирипати француски, еден повеќе македонски, два математика и само четврток фискултура. А сега — н и ш т о.

Дадоа фајрон, ама за секогаш. И не треба веќе никогаш да се вратиме, ни јас ни другите.

Викаат, едвај се откачиле од нас. Ама знам 100% дека им е жал. А? Може за мене и не толку, но за другите, гарантирам.

За Миле сигурно. И за другите, па што?

Жал ми е и за книгите, ги шитнав по пола цена. И да ги чував, што ќе ми се. Сите беа, онака, изнапишани...

Жал ми е најмногу за клупата. Еднаш ја платив по пола со тој до мене, рекоа дека сме ја направиле за никаде. Што знам?

Секогаш сѐ јас се бунев, па затоа еднаш тропнав, ама апла наместено. Сигурен сум и денес 100%.

И не ми е криво за годината. Само, имаше и тупи типови што поминаа. Јас да бев, сѐ тоа — ај здраво.

Ама сега знам, НИШТО! Многу сакам, викаат. Беше па помина, така да знам. Нема сега тука, јас ова, јас она, и да фаќам на сентиш. НИШТО!

Па добро, јас само прашав нели, ако се може добро, ако не — не.

Само жал ми е. Незнам како, ама, жал ми е. Мислев: ајде море нека оди се....,. Ама ете, некако не оди.

И најпосле за она што не ми дадоа, добро. 100% сигурен сум дека и на некој друг нема да му дадат. Ќе моли тој, знам јас, ама НИШТО!

А многу сакам, викаа и ништо не ме пуштија да бидам.

Добро тогаш другари, збогум другари!

МАРКО КОВАЧЕВСКИ

# Журот — државен непријател

1969 год.
Дали некого вознемирува тоа што денешните домашни забави — журеви, стануваат се повеќе „слободни".
Дали некого загрижува дека на журевите се присутни девојки од тринаесет и „младичи" од триесет и три години.
Дали некој се возбудува затоа што младите за прв пат се сретнуваат со „другарот" алкохол и „другарката" цигара, токму на журовите.
Дали некого загрижува дека на журевите се присе вознемируваме?
Дали ? ? ? ....
1946 год.
Писмо од студентот Х. до Реонскиот Комитет на СКОЈ:
Д и м и т а р М. на 13 декемврий при него се састај жур и мегу присатните беја следните лица: јас, Волјо, М. — студент, и Благој К. — ученик. Од женски беја: Радица О. Оливера Ц. ученичка, и со неја една другарка исто ученичка и една девојка на име Милена М. црногорка, живее близу до гробиштата. Матак проектираше да повика и други женски „Све стрелачки батал он", како он се изразуе, но поради това што Пепи и Роза бева на скијане не бева во Скопје, компанијата се скупи на брза рака. По касно дојдова и Велјо Ш. и Ванчо и еден Велин другар. Журот протакна вака: свиреше грамофон преку радио и се играше. Беше купено вино, коњак и колачи, со кое се частеа гостите. Некој од женските пушеа. Благој К. почна да распрavуе некој безобразни вицеви, сакајки да ја расположи компанијата, но бидејќи 2 ученички бева по скромни компанијата не можеше слободно да се расположе. Матакот никако не беше доволен од журот изразувајќи се да је било много просто. Уште истиот ден ме известуе дека на 19. XII. 1946 год. ке направи жур како он сака. Журот заврше околу 9 саат и сите се разотидова осим Вело, Данчо и Матак, една босанка комшивка на Мачакот и една непозната женска. На 19. XII. пак се собраме при него на кои присуствуехме: Ја, Матакот, Благој К. а од женските Радица О. Иванка П. Роза и Пепи. Пошто грамафонот се расипа останавме на жур до 5 и пол сатот, женските се много чак шта више претерано слабо државa, пиеја, пушева, и натискаха се, псуева и како развалени женски се понашаа.
После отидоме кај Жоже ученик во трговско гимназија, које беше само едно посетуване на слава. Околу 7 саатот се упативме сите т.е. Жожо, јас, Матак, Љупчо, Лазо, Мишо, Веле, и Киро Т. а од женските Радица, Роза Пепи и Иванка, при некоја си Невена. Тамо безобразието и распуштеноста достигна врхунац. Ламбата се гаснеше; се прегрнуева, се бацуева, ваљаха по креветите, кој со која стигне, јас се правев као пијан и стоех на страна. Много женски кој ми се приближуваха след като ги одбацуех од себе ме пцуева. Останахме до 10 сатот вечерта: јас, Данче, Вело и Киро а од женските: Пепи, Роза и Радица си отидова а останалите останаа.

Студент

Ова писмо кое е пишувано пред 23 години, се чини смешно. Тоа денес е нормално, додека тогашните актери заради тоа биле сослушувани и казнувани...?!

Љ. А.

# Балада за црвените таблички

Било едно време во една земја, во кое автомобилите биле еднакви. И државните и приватните автомобили имале бели таблички. Бели како снег, со црни бројки и црвена петокрака помеѓу нив.
Арно ама, еден ден, на едно место, а било тоа на некој празник, биле забележани многу автомобили со бела табличка и тоа државни тоест општествени. Нивните возачи биле приватници, тоест луѓе кои во службено време, биле возени во истите автомобили. Таа појава станала масовна, и заради тоа е укината еднаквоста помеѓу општествените и приватните автомобили.
Општествените автомобили скокнаа една скала погоре. Нивните таблички станаа црвени. ЦРВЕНИ — тоа значи; нема приватна употреба, нема приватна злоупотреба, нема возење без налог. Органот е должен доколку види возило со црвени таблички вон градот од кој возилото е регистрирано, треба да побара од возачот налог за возење. Доколку таков не му се покаже — органот треба да изрече казна, парична казна на лице место, а прекршителот да го пријави кај судијата за прекршоци.
И поминаа години.
Црвените таблички и ден денес ги красат општествените автомобили. И ден денес меѓутоа има празници.
И на празниците, кога одиме во некое подалечно место, гледаме автомобили со црвена табличка, *и фамилии како се распиштолиле во нив*, Приватните лица го возат општеството, тоест општествените автомобили. И ден денес.
И ден денес не се случило органот да запре некого да го казни заради тоа што бесправно ја ползува општествената сопственост. И да е така само во областа на автомобилите, добро ќе биде!

# ХЕПЕ НИНГ ШТО СЕ ВИКА РЕВО ЛУЦИЈА

Дека нема разлика ни дистанца меѓу театарот и светот, прв тврдел Педро Калдерон де ла Барка, шпански католички писател — језуит. Тој тврдел дека светот е театар, а дека театарот е свет. Денес ќе разговараме за оние кои веруваат дека театарот е револуција, а дека револуцијата е театар. Не мислам притоа на оние за кои јунските демонстрации беа интересен хепенинг! Мислам на оние театри кои поаѓаат од ставот дека нивните претстави се во состојба да ги натераат гледачите на политичка акција. Некои од нив (Ливинг театар) ќе сметаат дека ја извршиле својата задача оној ден кога после нивната претстава ќе избие револуција!
Во САД војната во Виетнам, социјалните проблеми и борбата за граѓански права допринесоа за раѓањето на многубројни театарски групи што имаат неколку заеднички особини: играат на улици, по фабрики и по училишта; пред цркви и селски амбари. Способни се да импровизираат претстави според публиката и околностите... Годинава, во април, одржан е Фестивал на радикалниот американски театар. Одржан е во методистичката црква во Њу Јорк (!!?). Ова движење се надоврзува на традициите од годините 1933 — 38 кога работничките театри и Живиот Весник собирале толпи гледачи по американските велеградови.
Петер Шуман, шефот на Театарот на Леб и Кукли, е германски скулптор и живее на Гринич Вилиџ. Неговите газди сакале да го срушат импровизираното живеалиште во кое се сместил. Шуман со своите соседи, бедните сицилијански емигранти стапил во штрајк. Пред домот на газдите, во најелегантниот кварт на Њу Јорк, организирал протестна претстава. Ја добил битката! Тој со неговиот театар воспоставил непосреден контакт со публиката во големите походи за мир. На Петтата авенија дефилирале групи жени костирани како Виетнамки со изгорена кожа. Биле прогонувани од мртовечки глави. Над главите им летале авиони закачени на долги стапови. Авионите бомбардирале, жените паѓале, станувале и акцијата продолжувала до недоглед.. Шуман вели: „На улица луѓето не забележуваат реалистична слика или случка. Треба да се создаде метафора, кратка, пожестока и повистинска од вистината."
Во Јужна Калифорнија постои аматерски театар на земјоделски работници од кои многумина се Мексиканци. Се вика Ел Театро Кампезино. Тие употребуваат маски за да ја прикажат борбата меѓу господарите и потчинетите и бедата во која живеат безработните. На едната страна е Доброто, на другата Злотонијансите никого не го интересираат. Но симболите делуваат и успехот е моментален! Само театарот може да делува и да го подбуцнува полуписменото население. На претставите гледачите скандираат: „Штрајк! Штрајк!" Велат дека Ел Театро Кампезино издејствувал зголемување на работничките дневници. Групата Свечени Артисти се замешува меѓу манифестанти (на универзитети и при црнечки демонстрации) и дава претставава на камион. Ричард Шехнер стапува во акција со повеќе групи во разни краеви на градот. Две групи се во резерва, ако некоја група биде затворена (Театарот на улица е илегален). Неговиот театар се вика Герила Театар.
Еден професор од Колумбија универзитетот го води Театарот Црево. Во него настапуваат дружините на црнците и Порториканците од Харлем. Кога пасторот на црквата во која тие играат објавил дека Џонсон нема да се кандидира и му заблагодари на Господ за ова, масата затанцувала, а артистите импровизирале грабнување на Претседателот за кого никој не сакал да плати откупнина.

Овие театри успеваат да раздвижат стотици луѓе. Гледачите стапуваат во дијалог со артистите, полемизираат или прифаќаат. Петер Шуман успеал да направи политички хепенинг со 200 деца!
Овие театри се откажуваат од естетика, во полза на политиката.
Овие театри се борат против снобовите и мецените кои од уметноста прават слугинка на владеачите и богатите.
Овие театри не се лицемерни.
Овие театри не наплатуваат скапи билети за на гледачите да им ја прикажат мизеријата во која живеат.
Овие театри не се робови на системот. Тие го рушат!
Овие театри не се мумифицирани мрши! Тие живеат!
Овие театри ќе пропаднат ако се претворат во културни институции. Ако се обидат да бидат УМЕТНИЧКИ. Ако не бидат конкретни. Ако сакаат да стилизираат и обопштуваат!

ВЛАДИМИР МИЛЧИН

# ГЛУВЧЕ ВО ЛАВЈА КОЖА

Како Сизиф, како солза, како слеп, како сол

Рече господ и би натпревар. Дојдоа слуги на науките разни. Дојдоа поети. Слугите безрезервно делеа прошки (награди). Наивните поети се наредија в ред. Кога пристигнаа тие на ред изворот на прошки секна. Наместо да добијат им беше одземено? !...? Што ќе правиме, рекоа кутри. Можеме да влеземе ли ние без прошка в рајот? ! Не... рекоа Судиите. Нашето Височество, гении на поетската реч, ве прогласува за НЕПИСМЕНИ ? ! ! Зарем Ние, зарем да ги изгориме нашите ловорови венци? ! Судиите рекоа Не признаваме ништо! Единствени сме кои можеме да ги толкуваме Десетте Божји Заповеди. Скромни, како секогаш, наивните Поети се упатија во пеколот барем таму да најдат стреа. И што се случи? ! И таму во мракот можеа да ги распознаат силуетите на нивните Мачители — Божјите Судии.
Не им дозволија да бидат во друштвото на нивните Браќа.
Судијата велечесен адаН акскоримоМ рече да ги дадат своите чкртаници да реши кој ќе го пушти в Пеколот.
Судијата велечесен ареВ ќитнА ги грабна стоте и три поетски рожби да даде суд за пет пресудни дена.
Судијата велечесен ациртсиБ акsволукриМ кој што случајно најде на земи некоја поетска рожба без да размислува и ѝ даде прошка.
Радосните Судии од бргу свршената работа се обратија до Бога. Милостивиот Господ им даде Дарови Божји. И благонаклоно ја потврди пресудата на Судиите. Задоволни од даровите алакнеп — накилеП се упатија на Богатата Господова Трпеза: лопортеМ...
Задоволни останаа Судиите.
Изиграни останаа Поетите.
А Господ и понатаму се чудеше колку е чуден овој Свет.

АПЕЛ НА ИЗИГРАНИТЕ ПОЕТИ

ЉУДМИХ СПАСОВ

# ЗАХВАЛНИЦА НА НАЈРЕЖИ СЕРОТ НА ПОВОЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ФИЛМ ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ – МАГНУС



О МАГНУСЕ!! НЕ МОЖЕШ ДА ЗАМИСЛИШ КАКО НИЕ, ТВОИТЕ ПОДАНИЦИ СЕ ЧУВСТВУВАМЕ ВО ОВОЈ МИГ НА МАКЕДОНСКИОТ ФИЛМ (ВПРОЧЕМ МАКЕДОНСКИОТ ФИЛМ ВЕЌЕ ПООДАВНА МИГА И НАМИГУВА).

СЕГА СМЕ СОСЕМА СИГУРНИ ДЕКА ИЛИНДЕН НАВИСТИНА ПРОПАДНАЛ, А ТОА Е ТВОЈА ЗАСЛУГА.

— ДА НЕ БЕШЕ ТИ, НИЕ НИКОГАШ НЕ ЌЕ ДОЗНАЕВМЕ ЗА АНОНИМНИОТ „ЧАШЧЕ", ТОЈ СИМБОЛ НА ОТПОРОТ И БОРБАТА НА НАШИОТ НАРОД, ЕДЕН ОД ПРЕДХОДНИЦИТЕ НА БОРБАТА ДО ПОСЛЕДНА КАПКА РАКИЈА.

— ТИ НИ ПОКАЖА ДЕКА ЏОН ФОРД И ЕЛИЈА КАЗАН МОЖАТ ДА СТАНАТ ПРВИ БРАТУЧЕДИ.

— ТИ НИ ОВОЗМОЖИ ДА ВИДИМЕ КАКО НАВИСТИНА СЕ СТАНУВА ПАТРИОТ И ТОА ПРЕКУ ЖЕНСКА „ЛИНИЈА".

— ТИ ОТКРИ КОЛКУ НАШИОТ НАРОД ИМАЛ СМИСОЛ ЗА МОДЕРНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ ВО МУЗИКАТА.

ДОЗВОЛИ ПРЕКУ ТЕБЕ ДА МУ СЕ ЗАБЛАГОДАРИМЕ НА КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ ТОЈ ТЈОМКИН НА МАКЕДОНСКИОТ ФИЛМ.

ЗАБЛАГОДАРИ МУ ОД НАША СТРАНА НА ПИТУ ГУЛИ ЗА ИСКРЕНАТА КРЕАЦИЈА НА РИСТО ШИШКОВ (ПАРДОН!! ЛАПСУС). ИНАКУ НИЕ СМЕ ЕПТЕМ ИСПОИСТРОГНАТИ И ОД ОСТАНАТИТЕ КРЕАЦИИ.

ЗАБЛАГОДАРИ ИМ И НА ОНИЕ КОИ НА ИЛИНДЕН СЕ СЕТИЈА ПО 60 ГОДИНИ НА КРАЈОТ ЗАБЛАГОДАРИ МУ НА ГОСПОДА ШТО ЃОРЃИ АБАЏИЕВ НЕ Е МЕЃУ ЖИВИТЕ.

ПРИМИ ГИ НАШИТЕ НАЈИСКРЕНИ

САЛУТАЦИИ О МАГНУСЕ!!

# ПО МЕНЕ —ИЗБОРИ!

Зимата ветува добра пролет. Пролетта ветува добро лето. Летото ветува добра есен. Есента ветува добра зима. Значи и природата премина на самоуправување.

„Ако она што го постигна минатата генерација е нејзин најголем домет, тогаш тие постигнувања за нас се почеток!“ — отприлика вака изјави новопечен (на функција) политичар.

Јас не можам да изјавам дека денот по него се познава. Познато ми е дека изјави се даваат на крајот, за да го красат конецот. А делата, како дела, биле ветувани низ изјави и досега, што преведено на јазикот на демократијата значи: секој има право да изјавува и да биде изјавен! Затоа да се поучиме малку на изјавите, грешките ќе си дојдат сами дома. За таа цел да ги земеме изборите од 1963 година за да добиеме во време, т.е. не можеме да ги земеме изборите од пред околу две години, зошто за толку релативно време и не можело многу да се изјавува. Значи, 1963, освен по тоа што завршува на 3, е позната и по тогашните предизборни ветувања и изјави. Ако се земат предвид сите неостварени изјави, по толку години па се до првиот ден на 1970 година, тие завршуваат на 0 (нула). Секоја сличност овде со некаква лутрија ќе биде сосема случајна (т.е. објективна):

Пред шест години, на големите предизборни митинзи во Скопје, Гостивар, Прилеп.., беа осудени на шест години:

— нездравоста во здравството (авитаминоза во СД - стари динари);

— бавната и скапа стамбена изградба (мултивитаминоза во СД);

— едногодишната жетва на дипломи (магацини и извоз во странство);

— лесната атлетика со тешки последици (и други последици и лизгави нешта).

Да генерализираме, т.е. да извршиме смотра:

Во здравството, на еден лекар паѓаа стотици пациенти, односно на стотици пациенти тешко им паѓаше по еден лекар. Тогаш, на митингот во Скопје, се ветуваше дека таа состојба многу лесно ќе се исправи. Денес, на стотици пациенти најтешко им паѓа по една медицинска сестра, што значи дека луѓето не одат да се лечат од болести ами од медицински сестри. Тоа ќе рече дека од лекаријархат преминавме на сестријархат. На светската ранг листа ситуацијата е иста: претпоследнијархат. Можам слободно да измислам дека и смртноста кај малите деца се должи на тоа што родителите ги плашат со лекари (порано со рогати бабици, т.е. бабароги).

Дека во стамбената изградба ништо не се изменило оттогаш (од митингот), знае и последниот струмички милионер. Ем знае — ем трае! До кога ќе трае ова никој не знае. Становите бавно се градат сѐ заради експропријација (така вели народната песна). Ако во здравството децата ги плашат со лекари, овде работникот го плашат со учество 60%. Инаку за неговата состојба му се изразува соучество. Дури и да има 15 милиони за стан, ќе зинат сите мислејќи на најлошото и прашувајќи се: од каде му ѐе на еден работник 15 милиончиња? Затоа работникот не ги љуби милионите. На работа е работолубив, дома продуктивен. Ако од семејството е само тој запослен, втора плата му се детските додатоци. За неговите деца е релативно колкава партиска членарина плаќаат во стамбените посреднички претпријатија, бидејќи децата и не ги сакаат становите. Тие повеќе ги сакаат дворовите.

Пред шест години дипломираа околу 20.000 стручњаци, еднаш годишно. Се ветуваше реформа на школството: оваа бројка да се удвои. Денес се учетвори бројот на младите стручњаци, кои одат на стареење во странство, повеќе пати годишно. Затоа нашите старци ни се чинат толку дипломолики (т.е. млади) и од ден на ден младеат се повеќе, за сметка дури и на младинските раководители кои единствено converter стареат дома.

Се ветуваше тогаш дека ќе им се застане на патот на неоправданите зголемувања на личните доходи и цените. И стварно цените многу пати за овие години им застануваа на патот на личните доходи, кои решија да се позанимаваат со атлетика: трчање на 3.000 н.д., преку пречки, стипл-чез...

На почетокот на мандатот идните пратеници кои ќе бидат избрани на наредните избори, можат да дадат ваква изјава: „Ако она што го ветуваше минатата генерација е нејзин најголем домет, тогаш тие ветувања за нас се почеток! „Во оваа изјава ќе има и една тестаментска нота: ветувањата остануваат во наследство. Но нив пратениците им ја спротивставуваат онаа позната: „По мене — избори!“ До потоп не може да дојде, сеуште е ниско нивото на културата...

Ефтим ПРОЕВСКИ

# По светено на оние...

На својот приватен „Мерцедес—250“ стави црвени таблички. Вели дека тој самиот е држава!

• • •

На некои не им се исплатува половичност во работата, затоа не работат.

На истите тие не им се исплатува ниту половичност во платата, затоа земаат цела плата.

• • •

Тој толку работи, што нема време да оди да си ги подигне сите хонорари.

• • •

СЕ ИЗМАЧИ ЧОВЕКОТ.... броејќи ја својата плата!

• • •

„Трудот е единствено мерило за материјалната благосостојба на работниот човек“ — рекоа некои комунисти и го поделија вишокот.

• • •

Едни немаат радио и телевизор во куќата, други во колата.

• • •

НАМЕСТО КРАЈ

Тој, тие, некои, еден, човекот... се најчестите имиња кои ги употребуваме во нашиот остер, критички и долг јазик (наводници по желба), против сите деформации и деформирани, против сѐ она што треба да ни е туѓо, а не ни е, против сѐ она што постои, а не би требело во нашиов социјализам.

И УШТЕ САМО ЕДНА ПРИКАЗНА

Кога ќе се појави глушец во куќата, веднаш ја пуштаме мачката или ние самите го бркаме и убиваме. А ако слезе мечката од горепланина, тогаш сите бегаме и се криеме, задоволни ако не дојде пред нашата куќа. ЧУДЕН НЕКАКОВ ПАРАДОКС!

А. ДИМИТРОВ

# ВИ ГИ ПРЕТСТАВУВАМЕ НАЈДОБРИТЕ

Во рамките на прославата на Денот на полнолетството беше распишан и конкурсот „Во срцето на љубовта", на кој пристигнаа повеќе од 50 песни и прозни остварувања. Жирито во состав Цветко Мартиновски и Александар Поповски, реши да ги награди следните трудови, кои ги пренесуваме во целост:

## Кога легнувам

Секогаш легнувам подоцна . . .
легнав за да не ги сонувам голите ридишта
легнав подоцна
за да не го сонувам синото небо
за да не ги сонувам брановите на денот
легнав подоцна
за да не го сонувам последниот бакнеж на каменот
легнав подоцна.
Легнав сосема доцна
Станав малку порано
за да не ги сонувам голите ридишта
синото небо над градот
за да не ги сонувам брановите на денот
за да го заборавам последниот бакнеж на каменот.
Посакав да легнам подоцна
за да не те сонувам тебе.

МАРИКА КОЛЕВА

## Средба

Се сретнавме на карпите
врз кои морето ги испишуваше
нашите имиња,
на карпите каде слетуваа
осамените галеби.
Се сретнавме
во една приквечерина
кога сонцето му подари
љубов на морето.
Мојата душа ја побара твојата
но таа исчезна во неповрат,
нашата средба беше и наша разделба.

КАРАНЏУЛОВСКА ЕЛИЦА

## Оросеници

Никнат во мене поетски мисли млади
И нешто непознато во мене се сели
Како два брега реката што ги дели
Откина воздишка од момински гради.
Лесен е жуборот ветерот што го носи
А исто и играта на децата боси.
Јас чувствувам нешто што ме притиска и боли
Се дадов и нема никој за ништо да ме моли.
И немам ништо. Заден час ми ѕвони
Дојди како шепот, како тивка песна
Од гранките мои лисјето ги сгрони.
Лето е. Златно жито зрее.
Од каде долета како инсект лесна
Веста за оросениците што полека мрее.

МАРИКА КОЛЕВА

## Dorme L'angelo

Ангелите спијат во долината на моето срце.

Dorme l' angelo, (*)
сака да го гледам детето и
јаболкото меѓу лицето.
Ноќта гасне од страст
во погледот на коњикот кој умира.
Dorme l' angelo,
и ножот во срцето.
Улицата, широчина за твојата душа,
остави лисја на дрвјата,
да не верувам во ноќната суша.
Dorme l' angelo,
кога спие уморот на заспаниот,
жената носи каша од просо и
детето јаде јаболко.
Белиот коњ го прегрна ангелот.
Dorme l' angelo,
главата го лиже денот,
девојката стана жена и
умре мајката во девичанскиот дар
на разбудениот коњик.
Dorme l' angelo,
за рибарите на уловениот сон,
јаболката во постелата на коњикот,
јаде жената каша и мирис, зверови
одат, постелата на оваа ноќ.
Dorme l' angelo,
го изгуби патот меѓу боровите,
детето донесе денови мокри,
жената коњикот со телото го покри.
Dorme l' angelo,
децата го дарат јаболкото
на ѓаволот од коњиковиот нож.

*(Спиј ангелу)

ПОПОВ ОЛИВЕР

# МЕДИТАЦИИ

Не, него не го најдов, а впрочем,тоа и не се наоѓа туку тоа е нешто посебно што ниту се наоѓа ниту се остри врвови, ниту па постои негова формулираност.

Покрај сите овие загадочни нафрлувања и ребусни расудувања целта пак не е начната; за неа се наоѓа извесен почеток во еден термин од науката, а тој термин е петтата димензија. Можеби не е така адекватно но внатрешноста на предметот што го означува тој термин ќе даде прави вдишувања на количината на материјата со сета нејзина продлабоченост, релативна дискретност и големина на феноменалните процеси на префинета динамичност што се случуваат во таа цел, кон која сакам да заронам, за да на моменти излезам и наводно се ослободам од тој амбиент погледнувајќи го истиот од надвор.

Тоа не е метафизички предмет на интересирање, туку генераторски центар од кој потекнуваат чудни случки и состојби, а зборувајќи за тоа, зборувањето можеби ќе биде монотона прозаичност, а сепак тоа зборување е суштa спротивност од продуктот на зборувањето.

За него, по чудна случајност, природата како да е огледало на тоа спонтано движење, па неговите контури се оцртуваат и вака одприлика изгледа дијалогот меѓу огледалото и движењата.

— На двата брега рудини, росни и зелени, а понорницата која сега не е понорница туку бистар поток ја ткае композицијата на мелодични жагорења, а соседните жители од птичниот свет се придружуваат кон сето пеење кое е израз на совршена хармонија на кулминантна усогласеност.

— Гумите од автомобилот пиштат од силата на движењето. Се чувствувам многу пријатно, слегувам од автомобилот и се упатувам кон улицата на багремите.

Едно дете (што во друга прилика би било детиште) се бувнува во мене, а потоа вџашено ме погледнува. Мене тоа ми е смешно, јас се насмевнувам, а на детето како да му падна голем товар и тоа се насмевна продолжувајќи си го трчањето со потскокнување де на една нога де на друга нога прифаќајќи го моето радосно расположение.

Ние двајцата бевме радосни, а со нас заедно и улицата се радуваше провејувајќи го мирисот од багремите кој ми ја пренесуваше топлината — топлината на саканата од аголот на улицата. И немиот дијалог продолжува.

(Во една голема планина со долишта низ кои тече поток)

— Ветрот ја допева својата песна пиштејќи како најтанката струна од виолина. Неговото пиштење негде се собира на купишта и ги бувта некои снежни ридишта, а тие неможејќи да се спротивстават се бувтаат низ синдилии за на крајот да се струполат в поток.

Потокот се пени, ги шиба снежните ридишта. Нему сега му е тесно, од набрекнатите води се засркнува и тој ги употребува своите водени јазици кои како да излегуваат од неговите утроби и тоа од нивното дно. Снегот се расцепкува сè повеќе и повеќе, парчињата се тркалаат потаму протерувани од единствената сила на потокот.

(Мојата татковина, мој живот од секогаш и за секогаш, во судбоносните денови пред виулици и татнежи и по нив).

— Црвените ружи околу прозорците ги нема. Маглена тага те обвила и тебе и мене, а мене и гнев. Тебе те газат, а нивните чизми на очите мои. Неможам ништо да видам освен мочвари,

високи камени стени и пространи води.
Во затворените води и низ мачното тело де на едно место, де на друго се менуваат претстави што објаснуваат, биографии на безимени уривања на сомнежите, чувство што ме тера да ја бранам можноста за сакање, потреба за одбрана на тоа чувство односно сакањето, љубовта, која е најхомогена нишка што го сплотува нашиот род да се надградува и докажува самиот себеси стремејќи се до најголемите острици на квалитетите, до совршенство. И на крајот од превирањата на представите и објаснувањата се издигнува дното на душата со некоја неуништива сила, каменот се топи, мочварите се пресушуваат, а мостовите се протегаат преку најшироките води.

Тоа е така, таинствено, а понекогаш и многу пријатно чувство; бистро и проѕирно како убав ден покрај сиви карпи крај езерски води, врз кои сонцето ја точи својата топлина, а тие преполнети пребликнуваат и точината се претура врз бранчињата, а тие пак како деца со огледалца и светкаат на девојката што стои покрај брегот.

Ветрот поддувнува онака пријателски, како некој пријател кога ќе ви се допадне бидејќи умее добро да ги види работите — објективно, а струењето на ветрот продолжува да ги раздвижува бранчињата за да можат да се шегуваат со девојката, а таа е во најлонски превез и ве опијува со својата слатка насмевка.

— Ех, да е таа насмевка сегде и секој да може да ја чувствува, па потоа љубовта од сѐ да и ја подариме нејзе место да ја уништуваме низ пеколни маки и експлозии.

И покрај сите експлозии јас го сакам брегот и неговото соседство.

Да, тоа е тоа, срцето и тоа срцето на љубовта. Тоа е многу големо, а ова е само површинско облетување што станува во тоа срце, на кое не е лесно да му се види внатрешноста.

АЛ. ЏАМБАЗОВ

# РАЗДЕЛБА

Денес станав многу рано, долго стоев до отворениот прозорец од малата соба во подрумот и ја посматрав околината и градот што се буди. Утринските сончеви зраци косо паѓаа врз сѐ уште мирниот град. Далечниот исток добиваше убава црвена боја, покривајќи ја како со вел црната ноќна царица означувајќи уште еден нов ден. Се роди нов ден, ново утро полно со очекувања и неизвесност. Тапо погледнав во собата која ја изгледаше тажно. Исто толку тажно колку и животот на моите родители. Нема повеќе среќа во нашава куќа. Среќата постоеше сѐ додека татко ми не се измени. Сѐ додека тој беше добар ние бевме среќни, но сега сѐ е поинаку. Одамна не сум чула ниеден нежен, ниеден топол збор, се слушаат само караници и лоши зборови.

Татко ми дома доаѓа ретко. Комшиите велат си нашол друга жена, но јас не верував. Тогаш кога тој е дома се кара со мајка ми, а понекогаш и ја мава. Така е секогаш кога тој е дома.

* * *

Но денес е епилогот на немирот што царуваше во нашиот дом. Денот бавно одминува. Околу 10 часот нашата фамилија е во стариот состав, но сега во судската сала. Јас сум возбудена. Не слушам ништо, и низ магла од солзи ги гледам присутните. Ги мразам сите луѓе, не сакам ништо друго освен моите родители да останат заедно. Низ главата ми поминуваат секакви мисли од кои ме фаќа страв.

Одеднаш чув еден непознат глас кој ме прашуваше каде би сакала да живеам: кај мајка ми или кај татко ми. Јас не можев ништо да одговорам, само молчев, а солзите и понатаму се слеваа низ моето лице. Јас молчев, а требаше да зборувам, требаше да го кажам она кое не можев ни да го замислам. Се прибрав малку. Почнав да мислам за тоа кого би требало да го изберам: мајка ми или татко ми. Но зар да се определувам за еден од родителите кога мене ми се потребни обајцата? Зошто е животот толку суров? Зошто пред мене се поставува толку страшно прашање? Зошто сум растргната помеѓу две суштества кои неизмерно многу ги сакам.

Додека размислував сѐ беше решено, јас требаше да појдам кај мајка ми. Кога излеговме од судската сала, татко ми не рече ништо, само ме бакна. Јас видов дека тој плаче. Да, тој плачеше. Требаше јас барем да му кажам нешто, но не можев, и јас плачев. Тој ме гледаше и молчеше, а неговите солзи му го облеваа лицето. Сакав да му кажам дека го сакам дека ми е потребен, сакав да му кажам сѐ, но не можев. Тој си одеше. Стануваше мое минато. Денес добро ги знам зборовите со кои би го задржала, но тогаш само плачев. Тој се оддалечуваше. Со секој нов чекор ја оддалечуваше од мене среќата. Ниеден збор. Јас плачев. Со секој нов чекор, се вовлекуваше во мојата коса мирис на иструлено лисје. Слоеви мртво лисје. Но тој не е мртов. Викнав, а можеби, само шепотев: „Врати се“. Тато не слушна. Неговите чекори сосема исчезнаа и стануваа дел од моето сеќавање. Дожд врнеше, а можеби сонце грееше. Сеедно. Јас плачев. Низ солзите кои ги квасат моите очи гледав болка која ми го кине срцето. Гледав во изгубеното време и претурав по минатото.

Тагуваа куќите кога се враќав дома. Сите улици и сите куќи изгледаа како и порано, но сепак... но сепак оддаваа тага.

Што, впрочем, се случи?

За останатите луѓе скоро ништо, за мене невидлива бразготина која задава замор во животот. Во ликот на секој човек го барам татко ми. Залудно.

Ветерот во гранките на липата плачеше, чувствувајќи дека жолтото лисје со најчудна игра отпаѓа. Тревата е тажна. Птиците ја измислиле реката на заборавот. Ги сакам игрите на лисјето. Го сакам жуборењето на реката ги сакам бидејќи и јас тагувам.

Сватив дека никогаш ништо не ќе може да ја оттргне невидливата бразготина, која толку многу нѐ ндалечува, исто толку далеку колку што се ѕвездите на небото. Го разјаснив напорот кој се раѓа во мене, напор на душата, срцето, рацете, напор на една љубов која е во мене, напор моите родители да бидат пак заедно.

Мајка ми, сигурно, веќе е дома, и јас треба да побрзам. Со забрзани чекори одев дома, но, сепак, некаков замор ме тераше да не брзам. Наеднаш застанав до еден споменик. Очите негови беа безживотни, мртви. Зошто не се како очите на тато весели и плави? Зошто насмевката на овој споменик е ладна и тажна? Зошто насмевката на тато ќе се изгуби во маглата на заборавот? Можев уште многу прашања да поставувам, но немаше кој да одговара. Јас продолжив да одам по малата уличка. Но мислите не ме оставаат на мир, морам и понатаму да размислувам иако се чувствувам неспособна за било што. Од денес за сѐ што е убаво морам да кажам — беше. Од денес за среќата велам — помина. Само во мислите се враќам на некогашниот среќен живот, но се сеќавам и на караниците кои до вчера ги слушав. Се сеќавам на зборовите кои тато нежно ги изговараше, се сеќавам на неговите топли раце кои ме милуваа по косата. Но сега тато ме измами, и мојата љубов ја расфрла по бекрајните пространства. Тој го украде сјајот од моите очи и го фрли во провалија. Од мојата коса ги украде сите ѕвезди и ги пушти да лутаат бесцелно. Неговата приказна со мирис на вода и ветер сѐ уште ми одѕвонува во ушите иако не се сеќавам кога последен пат сум ја чула. Веќе бев дома. Влегов во нашата соба која се наоѓаше во подрумот од една голема зграда. Мајка ми правеше вечера. Јас легнав на креветот до прозорецот и пак почнав да размислувам. Моите мисли илјада пати се враќаа на денот кој полека си оди. Сега раскажуваше ноќта, на крај од својот почеток, а ветерот слеп од мракот им шепотеше на сонливите прозорци.

Се сеќавам на поранешните денови кога со тато и мама одев во слаткарницата на аголот на улицата, јас сакав да ми ги купат сите слатки, а потоа ништо не јадев. Сега тоа за мене е само сон. Уличните светлики сега изгледа ми се смеат. Навистина, ме исмејуваат. А јас пак повеќе не се смеам, ниту плачам. А тој? Дали сега мисли за мене и за мама? Рибата со златно репче во мојот аквариум го носи неговото име. Во мирисот на сеното го барам гласот на тато. Се сеќавам дека неговиот глас беше мил и нежен. Ги прашував мравките и бурата, но тие ми рекао дека чуле само нечие плачење. Ќе го жртвувам својот мир и ќе ги барам причините поради кои моите родители се разведоа.

Облаци го покриваат градот. Есента плаче. И овој ден умира. И оној што утре ќе дојде. Такви денови ми преостануваат цела вечност. Цела вечност без тато, без неговите зборови, без неговата родителска љубов. Некаде во собава се наоѓаат сликите на тато и мама. Секоја од нив претставува една песна. По една песна која чека на сонце да го заигра најчудниот балет. Остануваат да живеам со спомените кои се вткаени во моето срце на љубовта.

Светлана МЛАДЕНОВСКА


КАКО САКАТЕ ДА СЕ ПАМЕСТАМ? КАЖЕТЕ
НЕ СЕ СРАМЕТЕ
ИМАТЕ ЛИ КАРТА ПОВЕЌЕ ЗА ТЕАТАР?
АЈДЕ ДА СЕ СЛИКАМЕ ЗА СПОМЕН!
ДА ЖИВЕЕ НАШАТА ПАСТА ЗА ЗАБИ!
НАШЕТО ЗНАМЕ Е ОД ПОДОБАР МАТЕРИЈАЛ!
НАШАТА ИДЕЈА Е СТИЛСКИ ПОДОБРО
ИСКАЖАНА!